Архивски број: 08-2324
_____ **година** 27-10-2026

Постапувајќи по претставката за заштита од дискриминација бр. 08-732 од 10.09.2026 година, поднесена од ///// со место на живеење на /////против /////, за сторена дискриминација врз основа на национална и етничка припадност и боја на кожа во областа на пристап до добра и услуги, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став (1) точка 14 и член 27 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 258/2020), го донесе следното:

М И С Л Е Њ Е

СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА сторена од ///// врз лицето ///// врз основа на национална и етничка припадност и боја на кожа во областа на пристап до добра и услуги.
СЕ УТВРДУВА ПОВЕЌЕКРАТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА сторена од ///// врз основа на национална и етничка припадност и боја на кожа во областа на пристап до добра и услуги.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за заштита и спречување од дискриминација (понатаму „**Комисијата**“) поднесена е претставка заведена под архивски број 08-732 од 10.09.2026 година од страна на ///// против /////.
Имено, на ден 14.06.20206 година, околу 19:00 часот, лицето /////со уште две жени од ромска национална припадност од ///// биле на прошетка во /////. Со намера да се напијат кафе влегле во ///// кој се наоѓа во кругот на /////.
По неколку минути како што наведува подносителката, им пристапил келнерот и им кажал дека масата на која седат е резервирана. Подносителката потенцира дека масата не била означена како претходно резервирана и поради таквиот однос на келнерот било реагирано при што дошол друг келнер кој исто така укажал дека масата е резервирана и дека нема да може да бидат услужени. Подносителката побарала друга маса со цел да се преместат но тогаш и било одговорено дека целиот локал е резервиран и келнерот побарал да го напуштат локалот.
Подносителката чувствувајќи се засрамена, побарала објаснување за причината за таквото однесување на што келнерот само повторил дека целиот локал е резервиран. Истата наведува дека оваа е сериозен напад врз угледот и честа и јавно изразена дискриминација поради боја на кожа и национална и етничка припадност бидејќи во исто време доаѓале други гости (според изгледот најверојатно од македонска националност) на кои им бил дозволен влез и биле услужени.
Во претставката се наведува дека ова не е изолиран случај на дискриминација на лица од ромска и друга етничка припадност во кафулето.

Комисијата на ден 21.09.2026 година испрати Барање за произнесување по наводите во претставката до /////, по што на ден 02.10.2026 година, во Комисијата е пристигнато произнесување од нивна страна, во Комисијата заведено под број 08-732/3.

Во произнесувањето е наведено дека поднесената претставка е во целост неоснована, дека принципот на работа го определува тимот на менаџери и одговорното лице во правното лице и дека истиот е усогласен согласно потребите и можноста на работа на вработени во угостителските објекти и можноста за прием на гости, а согласно расположливиот капацитет на локалот. Во произнесувањето се наведува дека во локалот има точен број на маси и столови, како и распоред на пријавени гости со резервација која ја имаат направено однапред на телефонски број кој е истакнат на официјалните социјални страни на /////.

Понатаму се наведува дека со работата во кафулето ///// менаџира вработено лице кое одговара на пораките и повиците за резервација на маси во угостителскиот објект и точно време на посета од страна на истите. По испополнување на бројот на расположиви маси во локалот, резервациите се прекинуваат во одреден термин и одреден ден.

Во продолжение на произнесувањето, се наведува дека согласно воспоставената пракса на локалот, секој од гостите кои имаат намера да го посетат локлот, своето присуство треба да го резервираат однапред а се со цел гостите да се чувствуваат пријатно и убаво и со желба повторно да го посетат /////.

Во произнесувањето се наведува дека тимот и вработените на ///// не прават дискриминација по етничка припадност и дека тврдењата изнесени во претставката се во целост неточни и паушални и дека истите не се поткрепени со докази. Наведуваат дека во локалот досега биле вработени и е посетуван од различни националности и доклолку се појави потреба од друга постапка ќе бидат доставени писмени докази и голем број на сведоци кои ќе посведочат дека /////не прави никаква национална, расна и економска дискриминација.

Притоа, во одговорот доставен од полномошникот на /////, не е доставен ниту еден доказ, односно аргумент кој би го поткрепил ова тврдење.

Дополнително Комисијата го ценеше фактот што спрема /////во претходниот период веќе има донесено Мислење бр. 08-561/4 од 26.11.2024 година со кое е утврдена директна дискриминација врз основа на етничка и национална припадност и боја на кожата во областа на пристап до добра и услуги и Мислење бр. 08-347/4 од 03.07.2026 година со кое е утврдена директна дискриминација и повторена дискриминација врз основа на етничка и национална припадност во областа на пристап до добра и услуги, а по чии препораки, не е постапено.

Следствено, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека во конкретниот случај од страна на /////, врз лицето ///// е сторена директна дискриминација врз основа на национална и етничка припадност и боја на кожа во областа на пристапот до добра и услуги. Наведеното претставува акт на дискриминација онака како е утврдена во член 6 од Закон за спречување и заштита од дискриминација според кој ***дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа,***

со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други, а во врска со член 5 од истиот закон согласно **кој** ***се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа*** и член 8 став (1) од истиот закон според кој ***директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.*** А според член 4 од истиот закон според кој повторена дискриминација ***е дискриминација вршена кон едно лице или група повеќепати, врз исти дискриминаторски основи***, во врска со претходно донесените Мислења погоре наведени, Комисијата констатира дека од /////е сторена и повторена дискриминација.

Во таа смисла согласно член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ги дава следните

П Р Е П О Р А К И

1. **СЕ ПРЕПОРАЧУВА ///// да упати писмено извинување до лицето ///// за нееднаквиот третман и сторената дискриминација врз основа на национална и етничка припадност и боја на кожа во областа на пристапот до добра и услуги и за истото писмено да ја извести Комисијата во рок од 30 дена од денот на приемот на ова мислење.**
2. **СЕ ПРОПОРАЧУВА на ///// во иднина да се воздржи од нееднакво постапување кон своите клиенти.**

Доколку ///// не постапи согласно наведените препораки, согласно своите надлежности уредени со одредбата од член 27 став (4) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Скопје,
22.10.2026 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател на Комисијата
Душан Томшиќ

Доставено до:
- /////